# ЛИЛЈАНА ЃУЗЕЛОВА
# LILJANA GJUZELOVA

## ВЕЧНОТО ВРАЌАЊЕ 2
## THE ETERNAL RECURRENCE 2

Музеј на град Скопје
Museum of the City of Skopje

# БАЛЗАМИРАЊЕ НА МЕМОРИЈАТА

"Во основа на *Вечнотo враќање 2* лежи една од основните идеи во старо-египетската религија за создавањето и нивниот пристап кон животот и смртта, поточно реинкарнацијата. Од многуте варијанти на митолошките слики за постигнување на вечноста со постојаното обновување, ја избрав онаа за *божественото семејство (тројството): "....наутро мајката (божицата на небото) го раѓа синот (сонцето); кога ќе го заврши својот кружен тек, повторно се враќа кај мајката (овој пат како татко) се соединува со неа, за да се подготви за следното раѓање...* "

Во ваков контекст ја поставив и мојата лична приказна за обновувањето на меморијата."

**Лилјана Ѓузелова**



Во трите простории на Британскиот музеј во Лондон обезбедени за презентирање на мумиите и сите останати артефакти и документи од стариот Египет можат да се прочитаат, покрај другите податоци, и рецептури за балзамирање на телата на починатите, како и ритуалите што вообичаено се изведувале при тоа. Сите претпоставки се базирани врз натписите пронајдени во гробниците, пирамидите и на папирусите, но за жал сознанијата не се доволно комплетни за да се разоткрие засекогаш изгубената мистерија за начинот на кој завитканите тела на старите Египќани останале сочувани низ вековите. Како се поврзани верувањето во постојаното враќање и кружниот тек на човековиот живот со балзамирањето пропратено со ритуалите на евисцерација (70 дена), завиткување (40 дена) и сушење (30 дена) тешко може да се провери и докаже.



*"Вечното враќање", 1997*

*"The Eternal Recurrence ", 1997*

Сепак, по подолг процес на истражување било на достапната литература, било на самите експонати во Британскиот музеј, авторката на проектот *Вечното враќање 2* - Лилјана Ѓузелова го издвојува токму тој ритуал на балзамирање и сфаќајќи го како метафора го поврзува со проблемот на сочувувањето и обновувањето на меморијата, што беше главната преокупација и во нејзиниот претходен проект: *Вечното враќање... заборавање, соочување, враќање, преселби, корени* (инсталација со слајд - проекција поставена во приватна куќа во Маџир маало).

*Вечното враќање 2* е повторно една реминисцентна сага за семејството Ѓузелови, за таткото што поминал низ неколку идеолошки битки со различни режими за на крај да биде осуден и егзекутиран непосредно по Втората светска војна, и за мајката која била кохезивната сила што го овозможила опстанокот на семејството во таквите услови. Овој пат Ничеовиот концепт за историјата како неодминлив кружен тек на постојани враќања е надополнет со старо-египетското убедување за постојаното враќање и реинкарнација на мртвите. Самата обработка на машката и женската фигура под влијание на египетските форми (египетската скулптура кај машката и формата на мумијата кај женската фигура) со употреба на оригинални фотографии (наместо амулети) и дигитализирани фотографии наместо лица, а посебно употребата на еден од најважните старо-египетски симболи - окото *уџат* (oudjat), ја поврзуваат сегашноста со минатото.



Со таквата постапка на еден вид транстемпорално комбинирање на различни медиуми и концепти авторката како да сака да ја *балзамира* меморијата (а не телото) и како да предупредува уште еднаш на можната опасност од враќање на едно слично историско недоразбирање.

На крај, неопходно се наметнува потребата да се нагласи дека овој проект не претставува некој затскриен обид за рехабилитација на таткото кој вечно останува жигосан од една идеолошка одлука, ниту пак на мајката која пак насилно била внурната во битката за егзистенција. Личната приказна овде е употребена во функција на





едно концептуализирање на историјата како повторување на историските настани за што сведочат не само сличните идеи познати од мистичните учења туку и толкувањата на историските процеси од страната на западно-европските мислители ( на пр. А. Тојнби или О. Шпенглер).

**Сузана Милевска**



## EMBALMING THE MEMORY

*"The project* "The Eternal Recurrence 2" *is based upon the essential ideas of the Old Egyptian religion on the creation and its approach towards life and death, that is, the reincarnation. Among the many variants of mythological pictures on reaching the eternity by permanent renewal, I chose the one on the Holy Family (Trinity):* ...in the morning the mother (the goddess of the sky) gives birth to a son (the sun); when he completes its circular route he returns to the mother (this time as a father) and unites with her in order to prepare for the next birth...

In this context I have set my personal story of the renewal of the memory."

**Liljana Gjuzelova**

In the three rooms of the British Museum in London where the mummies and the other artifacts and documents of the old Egypt are at display, one can read, among the other facts, some recipes on embalming the bodies of the dead and the rituals that were allegedly performed in the process. All the suppositions are based upon the inscriptions found in the graves, in the pyramids and on the papyruses, but, unfortunately, the information was not complete enough to discover the forever lost mystery on the reason why the wrapped bodies of the old Egyptians remained preserved during the centuries. It is also difficult to prove the relation between the eternal return and the circular route of human life, followed by the rituals of evisceration (70 days), wrapping (40 days) and drying (30 days). However, the starting



point of the artist Liljana Gjuzelova was this particular ritual of embalming - as the oldest metaphor she uses to return to the topic that used to be her preoccupation in her previous project *"Eternal Recurrence – forgetting, facing, return,displacement, roots..."* (installation with slide projection, exhibited in a private house in Madjir maalo).



*"Вечното враќање", 1997*
*"The Eternal Recurrence ", 1997*



***"The Eternal Recurrence 2"*** is again a project on the family Gjuzelov: on the father that had survived several ideological battles with various regimes and was finally sentenced and executed immediately after the World War 2 , and on the mother who was the cohesive force that had made the survival of the family possible under such circumstances. This time Nietzsche's concept of history as an unavoidable circular route of constant recurrences is elaborated through the Old Egyptian belief in the constant return of the dead. The presentation of the male and female figures under the influence of the Egyptian forms (the Egyptian sculpture seen as influencing the male figure and the mummy form influenced the presentation of the female figure), through the use of original photographs instead of amulets and digitalized photographs instead of faces, and especially the use of one of the most important Old Egyptian symbols - the eye *oudjat*, links the presence to the past, embalming the memory and warning once again of the possible return of similar historic misunderstanding.

We must point here that this project is not a hidden attempt for rehabilitation of the father who remained forever condemned by an ideological decision or the mother who was forcefully pushed into the fight for existence. The personal story was used here as a warning for the possibility of repeating the historic events illustrated both through the concepts of the known mystic beliefs and through the similar explanations of the historic events by the West-European philosophers (i.g. A.Toynbee, or O. Spengler).

**Suzana Milevska**

ЛИЛЈАНА ЃУЗЕЛОВА

Родена 1935, Чачак, СРЈ. Дипломирала на Филозофскиот факултет, Скопје.
Адреса: Караорман 24, Скопје.
Тел. +389 2 178-495

Самостојни изложби:

*2001* - *"Вечното враќање 2"*, Музеј на град Скопје, Скопје
1997 - *"Вечното враќање"*, приватна куќа, Кеј "13 Ноември" 92, Маџир маало, Скопје
*1994* - *"Насproти"*, Уметничка галерија - Даут пашин Амам, Скопје
*1990* - *"Од волумен до плоха"*, Фоаје на МНТ, Скопје

Групни изложби:

*1997* - *"Избор '97"*, Уметничка галерија, Струмица *"Чифте Амам 3"*, Чифте Амам, Скопје
*1996* - *"Чифте Амам 2"*, Чифте Амам, Скопје
*1991* - *"6. Панчевачка изложба на југолсовенска скулптура"*, Панчево, СРЈ
1987 - *"7. Биенале на мала пластика"*, Галерија *"Мишко Крањец"*, Мурска Собота

LILJANA GJUZELOVA

Born 1935 in Cacak, FRY Graduated from the Faculty of Philosophy in Skopje
Address: Karaorman 24, 1000 Skopje Republic of Macedonia
Phone: ++ 389 2 178495

Solo exhibitions:

2001 - "The Eternal Recurrence 2", Museum of the City of Skopje, Skopje
1997 - "The Eternal Recurrence", private house, Kej 13. Noemvri, 29, Magjir Maalo, Skopje
1994 - "Across", Art Gallery "Daut Pasin Amam", Skopje
1990 - "From a Volume to a Surface", Entrance hall of the Macedonian National Theater, Skopje

Group exhibitions:

1997 - "Selection '97", Art Gallery, Strumica "Cifte Amam 3", Cifte Amam, Skopje
1996 - "Cifte Amam 2", Cifte Amam, Skopje
1991 - Sixth Pancevo Exhibition of Yugoslavian Sculpture, Pancevo, FRY
1987 - Seventh Biennial of Small Scale Plastic, Gallery "Misko Kranjec", Murska Sobota

*Издавач:* ***Музеј на град Скопје;*** *Одговорен уредник:* ***Ѓорѓи Чулаковски;*** *Куратор и текст:* ***Сузана Милевска;*** *Превод на англиски:* ***Маја Хаџимитрова Иванова;*** *Фотографии:* ***Станко Неделковски и Роберт Јанкуловски ("Вечното враќање", 1997);*** *Дизајн на каталогот:* ***Фросина Зафировска;*** *Печати:* ***Лауренс Костер;*** *Тираж: 500;* *Реализација:* ***Музеј на град Скопје, Скопје, Р. Македонија; март / април 2001***

*Publisher:* ***Museum of the City of Skopje;*** *Editor-in-chief:* ***Georgi Culakovski***
*Curator and preface:* ***Suzana Milevska;*** *Translation of the preface:* ***Maja Hadzimitrova Ivanova;*** *Photographs:* ***Stanimir Nedelkovski and Robert Jankulovski;*** *Layout:* ***Frosina Zafirovska;*** *Printed by:* ***Lourens Coster;*** *Copy:* ***500;*** *Realisation:* ***Museum of the City of Skopje, Skopje, R. Macedonia; March / April 2001***

***Изложбата е реализирана со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија***
***The exhibition is supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia***

Благодарност од авторот до: Дијана Томиќ Радевска, Исмет Рамичевиќ и Симе Божиновски.